# Novica Trajkovski

Новица Трајковски



Between dream and reality

Меѓу сонот и јавето

EXHIBITION



МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

Април 1997



# Новица Трајковски

Роден е на 21.12.1962 година во Скопје.
Средно уметничко завршил во Скопје во 1980/81 година.
Дипломирал на Факултетот за ликовни уметности во Скопје во класата на професор Родољуб Анастасов во 1988 година.
Член е на друштвото на ликовни уметници на Македонија.

САМОСТОЈНИ ИЗЛОЖБИ:
Штип 1986, Битола 1989, Охрид 1989, Скопје 1991, Битола 1991, Скопје 1991, Скопје 1992, Скопје 1993, Скопје 1996.

ГРУПНИ ИЗЛОЖБИ:
Мал Формат на ДЛУМ 1994, Зимски салон на ДЛУМ 1994, Македонски цртеж 1995, Кумановска ликовна колонија 1994, Мајстори на портретот 1995, Зимски салон 50 години ДЛУМ 1996.

Живее и работи во Скопје како слободен -независен уметник.

Адреса:
Ул. Гоце Делчев 77, Нас. Илинден, 91000 Скопје, Македонија.
Тел: + 389 91 **753 475**

# Novica Trajkovski



Born on 21.12.1962 in Skopje.
Background: Graduated from the secondary School of Fine Arts in the Year 1981. Graduated from the Academy of Fine Arts in Skopje in the Class of Prof. Rodoljub Anastasov in the Academy Year 1988.
Member of the Association of Fine Artists of Macedonia (AFAM).

Presents activities: Lives and works in Skopje as an independent artist.

Residential address:
77, Goce Delcev Str., Ilinden, 91000 Skopje, Macedonia.
Phone: + 389 91 **753 475**

... Типичниот реализам на формата Новица Трајковски во своите слики инсистира да има позиција меѓу светлото и темното, откривајќи ја формата онолку колку што е потребно таа да биде јасна и конкретна, оставајќи ја „заробена“ во мракот онолку колку што е доволно да се сугерира не - ништото во темното.

Во една ваква ликовна концепција, флуидот-преминот е врзувачкиот елемент како градиран светлосен етеричен ритам кој треба да ја сочува пулсирачката еластичност во прецизниот израз. Особено внимателно е извршено сликањето на сенките во големите сенки или во ноќта. Оттука и изборот на сонорните тонови при што сино-зелените, портокаловите, розевите и лилавите го поетизираат, омекнуваат и разведруваат сонот. Тој светлосен прозрачен продор уметникот го потенцира како „мисла“ или порака, а тоа го означува магичниот реализам од ликовен аспект. Тој е богато и нијансирано тонски обоен и создава вонрационални знаци како на пример во сликата „Благовест“, каде светлосниот пламен упатен од ангелот, во раката на детето завршува во крст од бел пердув, чија пак композициска рамнотежа е сместена на другата страна на истата хоризонтална рамнина каде големата светлосна патека е крстно пресечена од сенката на ангелот.

Неговата подлабока инспирација е душевниот занес од добронамерни верувања, митови и пророштва моделирани од колективната духовна традиција, нив уметникот сепак ги поставува во една тивка поларизација на доброто и злото, при што врховната алхемиска моќ како исцелителност ѝ ја дава на природата во која човекот е неизбежно втопен. Значи, освен во портретите, во другите теми кои се поставени на оваа изложба, уметникот секогаш ја нагласува предоминантноста на природно-космичката утроба, како простор или како мноштво феномени во која како нејзин макропримерок се движи човекот.



...In his paintings Novica Trajkovski tends the typical realism of the form to have a position between the light and the dark. He shows the form just enough to be clear, exact but still keeps it „captured“ in the darkness just to present the existence of the „something“ in the darkness.

In such a notion of art painting the passage is the essential element, a bright rhythm which is supposed to keep the beating flexibility in the exact expression. The painting of the shadows in the big shadows and in the night is done very carefully. His choice of the sonorous colours, orange, pink, violet blue and green make the dream brighter. From an artistic point of view that light transparent passage is pointed out as „a taught“ or a massage and shows the magic realism. He creates irrational signs as in the painting „Annunciation“ where the lightness from the angel, in the hand of the child ends in a cross of white feather. The balance is shown on the other side of the same horizontal line where the lightness is crossed by the shadow of the angel.

He makes a tender polarisation between the good and the evil in which the cure of the alchemic power is given to the nature in which the man is just a part. Besides from the portraits the rest of the themes presented at this exhibition, the painter connects with the predominance of the cosmic womb –as a space or a group of phenomenon– in which the man as its minor part is moving.

*Ljuben Paunovski*



...The main subject of his paintings are things that surround him, experiences from his everyday life and his existence. He has his own characteristic way of presenting the things which enables him to adopt the impressions from the outsideworld and always leaves a space for the viewer to estimate the length of the path between the seeing of the things and the time of the creative action. His realism expresses the sense of the painter for creating „darkness“ in the painting and expressing the main characteristics of the motif.

*Vladimir Velickovski*

... Неговото сликарство е насочено, во прв ред, на содржини кои го опкружуваат, на искуства кои се истргнуваат од непосредната животна околина, на оние содржини кои произлегуваат од него самиот.

Новица негува една нему својствена постапка, во технички и естетски поглед, која му овозможува надворешните впечатоци да ги воведе во „неговата сопственост“ оставајќи му на гледачот да проценува колкав бил изминатиот пат на реализација од окото на уметникот кон творечкото дејствување.

Неговата „објективизирана“ постапка едновремено во себе го вклучува уметниковото чувство за создавање „темен“ штимунг на сликата, неговиот порив да ги регистрира карактеристичните црти и својства на мотивот.


Разговор


Три годишни времиња



Лето



Есен



Пролет



Пролет



Благовест



И би



Благовест



Прозор



# КАТАЛОГ

1. Разговор, масло на платно (180 x 140 см) 1994 г.
   *Conversation*
2. Пролет, масло на платно (120 x 200 см) 1993 г.
   *Spring*
3. Пролет, масло на платно (140 x 220 см) 1996 г.
   *Spring*
4. Пролет, масло на платно (140 x 140 см) 1997 г.
   *Spring*
5. Лето, масло на платно (140 x 140 см) 1996 г.
   *Summer*
6. Есен, масло на платно (140 x 140 см) 1996 г.
   *Autumn*
7. Зима, масло на платно (140 x 140 см) 1997 г.
   *Winter*
8. Портрет, масло на платно (85 x 100 см) 1997 г.
   *Portrait*
9. И би, масло на платно (110 x 90 см) 1995 г.
   *Let it be*
10. И би, масло на платно (70 x 235 см) 1996 г.
    *Let it be*
11. Царот, медијапан (108 x 125 см) 1997 г.
    *King*
12. Портрет, масло на платно (190 x 240 см) 1997 г.
    *Portrait*
13. Благовест, масло на платно (205 x 133 см) 1997 г.
    *Annunciation*
14. Благовест, масло на платно (180 x 140 см) 1994 г.
    *Annunciation*
15. Свети Стефан, масло на платно (400 x ? см) 1997 г.
    *Saint Stephan*
16. Сеќавање, масло на платно (80 x 240 см) 1996/97 г.
    *Remembering*
17. Прозор, масло на платно (420 x 145 см) 1995/97 г.
    *Window*
18. Три годишни времиња, масло на платно (200 x 120 см) 1988 г.
    *Three annual seasons*
19. Мајка, масло на платно (65 x 80 см) 1997 г.
    *Mother*
20. Живот, масло на платно (110 x 90 см) 1995 г.
    *Life*
21. Слика, масло на платно (85 x 105 см) 1994 г.
    *Picture*

EXHIBITION

Novica Trajkovski

Новица Трајковски

Between dream and reality



Меѓу сонот и јавето



МУЗЕЈ НА ГРАД СКОПЈЕ

Design & prepress: **TOTEM**, Skopje
Print: **Kiro Dandaro**, Bitola